Истражувачки центар за културно наследство Research Center of Cultural Heritage

# MONUMENTA

Македонска академија на науките и уметностите Macedonian Academy of Sciences and Arts



Скопје/Skopje

6, 2021

# MONUMENTA

MONUMENTA

ISSN: 1857-999X

Годишник на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при МАНУ | Број 6, година 2021

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Главен уредник
Ѓорги Поп-Атанасов

Editor in chief
Gjorgi Pop-Atanasov

Редакција
Гојко Суботиќ (Белград)
Вера Битракова Грозданова (Скопје)
Аксинија Џурова (Софија)
Бојан Ѓуриќ (Љубљана)
Анте Рендиќ Миочевиќ (Загреб)
Сашо Цветковски (Скопје)
Александра Николоска (Скопје)

Editors
Gojko Subotić (Belgrade)
Vera Bitrakova Grozdanova (Skopje)
Aksinija Džurova (Sofia)
Bojan Djurić (Ljubljana)
Ante Rendić Miočević (Zagreb)
Sašo Cvetkovski (Skopje)
Aleksandra Nikoloska (Skopje)

Технички уредник
Сашо Цветковски

Technical editor
Sašo Cvetkovski

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| Ѓорги Поп-Атанасов<br>Gjorgi Pop-Atanasov | Ракописите на Марковиот манастир „Св. Димитриј“<br>*The manuscripts of Marko's monastery of "St. Demetrius"* | 7 |
| Коста Аџиевски<br>Kosta Adzievski | Христијански елементи во топонимијата на Македонија во средниот век и во османлискиот период. Населби и други топоними со имиња на христијанските храмови<br>*Christian elements in the toponymy of Macedonia in the Middle Ages and in the Ottoman period. Settlements and other toponyms with Christian names of the temples* | 73 |
| Сашо Цветковски<br>Sašo Cvetkovski | Богородица несвенлива роза во иконописот на Дичо Зограф<br>*Mother of God "Unfading Rose" in the icon painting of Dičo Zograf* | 93 |
| Виктор Недески<br>Viktor Nedeski | Иконите на Дичо Зограф во црквата „Успение на Богородица“ во Епаноми - Солунско<br>*The icons of Dičo Zograf in the Church "Dormition of the Most Holy Theotokos" in Epanomi – Thessaloniki* | 115 |
| Викторија Грозданова Коцевски<br>Viktorija Grozdanova Kocevski | Фрескосликарството на Дичо Зограф во црквата „Св. Никола“, село Глуво (Скопски Регион)<br>*Fresco painting by Dičo Zograf in the church St. Nicholas, village Gluvo (skopje region)* | 127 |
| Ана Костић<br>Ana Kostiić | Дебарски зографи у Кнежевини и Краљевини Србији (1830-1918)<br>*The zographs of Debar in the Principality and the Kingdom of Serbia (1830-1918)* | 143 |
| Ирена Ћировић<br>Irena Ćirović | Сликарство Аврама Дичова на југу Србије<br>*The work of Avram Dičov in southern Serbia* | 171 |

Ивана Женарју Рајовић — Делатност зографа из Галичника на Косову и Метохији — 195
Ivana Ženarju Rajović — *The activities of painters from thr village of Galičnik in Kosovo and Metohija*

Александар Куюмджиев — Светогорските зографи Давид и Яков от началото на XIX в. — 215
Alexander Kuyumdzhiev — *David and Jacob, icon painters from Mount Athos in the beginning of 19th century*

Дарко Николовски — Неколку нови податоци за црквата „Св. Атанасиј“, во село Габрово, Гевгелиско — 233
Darko Nikolovski — *Some new information about the church of st. Athanasius, in the village of Gabrovo, Gevgelija*

Ангелина Поповска — Три карактеристични преслики потпишани од Дичо Зограф — 255
Angelina Popovska — *Three characteristical overlays signed by Dičo Zograf*




УДК: 75.052:271.2(495.622)"18"Дичо Зограф
7.04:75.071.1(495.622)"18"Дичо Зограф

*Виктор Недески*

# ИКОНИТЕ НА ДИЧО ЗОГРАФ ВО ЦРКВАТА „УСПЕНИЕ НА БОГОРОДИЦА“ ВО ЕПАНОМИ – СОЛУНСКО

**Апстракт**

*Во овој текст се презентираат четири непознати престолни икони од храмот „Успение на Пресвета Богородица“ во Епаноми – Солунско, насликани од Дичо Зограф во 1865 и 1866 г. Истовремено во текстот се следи и целокупното творештво на Дичо во годините во кои се сликани овие икони. Овој труд презентира и извесни новини за семејните врски на Дичо со Епаноми и воопшто со солунскиот крај, со цел да се даде посеопфатно објаснување за неговото присуство на овој терен.*

**Клучни зборови:** *Дичо Зограф, иконопис, 19 век, Епаноми, Солун*

**Abstract**

*Four unknown throne icons are presented from the church Dormition of the Most Holy Theotokos in Epanomi – Thessaloniki, painted by Dičo Zograf in 1865 and 1866 are presented in this text. At the same time, the entire work of Dičo in the years in which these icons are painted is also followed in the text. This paper also presents some novelties about Dičo's family relations with Epanomi and the Thessaloniki region in general, to give a more comprehensive explanation of his presence in this field.*

**Key words:** *Dičo Zograf, icon painting, 19th century, Epanomi, Thessaloniki*

Димитар Крстев, или познат како Дичо Зограф, е еден од најистакнатите иконописци на Балканот во XIX век. Во неговиот краток живот насликал повеќе од 2 000 икони. Благодарение на авторските записи и потписи, може прецизно и хронолошки да се следи творештвото на Дичо. Во првата фаза на истражувањата на неговото творештво географските граници во кои се застапени неговите дела се ограничуваа на територијата на денешна Република Македонија и деловите од Бугарија[1] и Србија,[2] кои во тоа време се

[1] А. Василев, *Български възрожденски майстори*, София 1965, 186-187.

[2] К. Томовски, *Саборна црква Св. Тројице у Врању*, Врањски гласник III, Врање 1967, 20-24. А. Давидов Темерински, *Иконе Диче Зографа*, Иконопис Саборне цркве у Врању, каталог Београд 2000; *Иконопис Врањске епархије*, ур. М. Тимотијевић, Н. Микуљевић, Београд – Врање 2005, 22-24, 64-73.

наоѓале под османлиска власт.[3] Во текот на истражувањата беа пронајдени и негови икони во Албанија[4] и во Косово.[5]

Академик Грозданов наведува извесно предание според кое Дичо Зограф во младоста се движел во Јужна Македонија и Солунско,[6] но како проблем на оваа теза го наведува фактот што во овие предели не е познато ниту едно дело на неговите учители Михаил и Даниил.[7] Меѓутоа, неодамна пред македонската научна јавност беше претставено првооткриеното и веројатно најрепрезентативното дело на Дичо Зограф откриено во Солунско. Станува збор за иконата „Богородица – Несвенлива роза“, насликана во 1865 г. Откривањето на оваа икона пред македонската научна јавност беше плод на повеќегодишниот ангажман на д-р Сашо Цветкоски околу делото на овој истакнат мијачки зограф. Ова откритие внесе нови сознанија за творештвото на Дичо, како и за периодот во кој творел во Солунско.

Во прилог на расветлување на творештвото на Дичо во Солунско претставуваме уште четири новооткриени престолни икони од храмот „Успение Богородично“ во Епаноми. Епаноми или Апанами (грчки: Επανομή) е мало гратче со околу осум илјади жители, сместено во Солунскиот Залив на 25 км од центарот на градот Солун. Храмот „Успение Богородично“ е базиликален трокорабен храм, карактеристичен за периодот на преродбата, кој според натписот на западната страна е осветен во 1865 г. Овој храм бил гробна црква[8] сè до 1914 г. Внатрешните димензии на храмот се 29 х 14 м.

Според информацијата што ја дава Спиро Наку, жител на Епаноми, чиј дедо бил брат на Дичо, зографот престојувал во Епаноми во 1865 г. заедно со своите браќа. Ова е единствено познато сведоштво за браќа на Дичо и за нивни познат потомок.[9] Но секако, дејноста на дебарските ѕидари во Солун го оправдува присуството и населувањето на дебрани во Солунско.[10]

---

[3] Ц. Грозданов, *Живописот во Македонија XVIII-XIX век*, Скопје 2011, 41.

[4] T. Popa, *Mbishkrime të Kishave të Shqipërisë*, Tiranë 1998, 72; С. Цветковски, *Новооткриени икони на Дичо Зограф од црквите во Елбасан, Албанија*, Процеси на модернизација на Балканот под Османлиска власт во 19. и почеток на 20. век, Скопје–Софија 2017, 327-334.

[5] С. Цветковски, *Живописот на Дичо Зограф и Аврам Дичов*, Струга 2010, 143-163.

[6] Грозданов, *нав. дело*, 42.

[7] Неодамна беше откриен фрескоживопис на Михаил од Самарина во „Св. Георгиј – Негрита“ Халкидики.

[8] D. Feissel-M. Sève, *La Chalcidique vue par Charles Avezou (april 1914) Notes de voyage et inscriptions*, BCH 103 (1979), 246.

[9] A. Κατζίγκα, *Ιερός ναός Κοιμήσεως της Θεοτόκου Επανομής*, Επανομή 2006, 101.

[10] За дебарските ѕидари види: Г. Σφενδόννης, *Ντεμπρελῆδες καί ἀρχιτέκτοντες στήν παλιά Θεσσαλονίκη*, Μακεδονικόν Ἡμερολόγιον 1977, 199-205; Β. Δημητριάδη, *Τοπογραφία τῆς Θεσσαλονίκης κατά τήν ἐποχή τῆς Τουρκοκρατίας 1430-1912*, Θεσσαλονίκη 1983, 288, n. 80.

Од оваа година датираат две од престолните икони, кои се творби на Дичо. Станува збор за дрвени подвижни икони со сребрени опкови на рацете и ореолите. Иконите се со димензии 98 x 65 см и се насликани на златна заднина. Христос е поставен седнат фронтално, а е претставен од колената нагоре. Облечен е во црвен хитон и темносин химатион, украсени со златни бордури. Благословува со десната рака на која се наоѓа сребрен опков, а во левата ја држи сферата на светот под која се наоѓа отворено Евангелие со грчки натпис со извадок од Евангелието според Јован: Εγώ είμι τὸ φῶς τοῦ κόσμου· ὁ ἀκολουθῶν ἐμοὶ οὐ μὴ περιπατήσῃ ἐν τῇ σκοτίᾳ, ἀλλ‘ ἕξει τὸ φῶς (Јас сум Светлината на светот. Кој врви по Мене нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот).[11] Ликот е моделиран со темномаслинеста основа (проплазма) и светлокостенлива саркома, што е карактеристично за делата на Дичо Зограф.

Лево и десно над рамената Христови се насликани два ангела со мали димензии, облечени во хитони и химатиони, наизменично во зелена и црвена боја. Ангелите држат отворени свитоци со грчки натписи: Κύριε βασιλεῦ ἐπουράνιε Θεὲ Πάτερ παντοκράτορ Κύριε Υἱὲ μονογενές Ἰησοῦ Χριστέ (Господи, Цару небесен, Боже Оче Седржителу, Господи Сине единороден, Исусе Христе) и Κύριε ὁ Θεός, ὁ ἀμνὸς τοῦ Θεοῦ, ὁ Υἱὸς τοῦ Πατρός, ὁ αἴρων τὴν ἁμαρτίαν τοῦ κόσμου (Господи Боже, јагне Божјо, Сине на Отецот, Кој го земаш гревот на светот).[12] На златната заднина читаме: ΙΣ ΧΣ Ο ΠΑΝΤΟΚΡΑΤΟΡ (Исус Хростос Седржител). Во долниот дел од иконата стои потписот на авторот на грчки јазик: διά χειρός Δήτζου Ζωγράφου ἐν τῆς ἐπαρχίας Δεβρών ΧΏΡ τρέσανζε 1865 αὐγούστου 4 (од раката на Дичо Зограф од областа на Дебар, село Тресонче, 1865 август 4).

На другата престолна икона ликот на Богородица е поставен исто така на златна заднина. Богородица носи темносин хитон и мафорион, кој од надворешната страна е со црвена, а од внатрешната со зелена боја. Мафорионот е украсен со златни бордури. Десната рака на Богородица, која е со сребрен опков, поставена е на градите, а во левата го држи младенецот Христос. Христос благословува со десната рака, а во левата држи отворено Евангелие со грчки натпис: Πνεῦμα Κυρίου ἐπ’ ἐμέ, οὗ ἕνεκεν εὐαγγελίσασθαι πτωχοῖς ἀπέσταλκέν με (Духот Господов е врз Мене; затоа Ме помаза да им соопштам радосна вест на бедните).[13]

[11] Согласно со иконографските насоки од Ерминијата: Јн. 8, 12; сп. С. Цветковски, *Дичо Зоӻраф Ерминија* (1844 г.), Скопје 2019, 388-391.

[12] Извадоци од Велико славословие.

[13] Лк. 4, 18; сп. С. Цветковски, *Дичо Зоӻраф Ерминија* (1844 г.), 392-393.

Лево и десно зад рамената на Богородица се претставени два ангела со мали димензии. Држат свитоци со извадоци од Богородичниот акатист: Χαῖρε ὅτι ὑπάρχεις βασιλέως καθέδρα (Радувај се, зашто си царски престол) и Χαῖρε ὅτι βαστάζεις τόν βαστάζοντα πάντα (Радувај се, зашто Го носиш оној што носи сè). На задницата се напишани кратенките: ΜΡ ΘΟΥ (Мајка Божја) и ΧΣ (Христос). Во долниот дел од иконата се наоѓа потписот на авторот: 1865 αὐγ. 7. Διά χειρός Δήτζου Ζωγράφου ἐκ τῆς Δεβρῶν (1865 август 7, од раката на Дичо Зограф од Дебар).

Следната икона насликана од Дичо за храмот во Епаноми е храмовата престолна икона „Успение Богородично", насликана во наредната 1866 г., а завршена на 19 јули. Што се однесува на оваа престолна икона, таа е со димензии 101 x 66 x 5 см. Иконата е со сребрени опкови на ореолите и телото на Богородица. Насликана е според описот што го дава Дичо во својата Ерминија. Централно на иконата е поставена Богородица на погребниот одар. Ја опкружуваат единаесет апостоли, од кои најзначајни места заземаат Петар и Павле, а Тома е отсутен, на што упатува и Ерминијата, а и црковното предание. Зад апостолите е насликан Христос во слава, со душата на Богородица во рацете. Го придружуваат два ангела. До ангелите се насликани двајца ерарси. Интересно е тоа што упатствата од Ерминијата на Дичо укажуваат на сликање на четворица ерерси, и тоа: Дионисиј Ареопагит, Еротеј, Тимотеј и Јаков брат Божји, но речиси секогаш во практика Дичо слика само двајца несигнирани архијереи. На врвот на овалот на славата е изобразен шестокрилен серафим. Задницата ја пополнуваат високи градби. Пред одарот е изобразено чудото со Евреинот Јефонија.[14] Во горниот дел од иконата постои натписот: Η ΚΟΙΜΗΣΙΣ ΤΗΣ ΘΕΟΤΟΚΟΥ (Успението на Богородица). Во долниот лев агол е потписот на авторот: Διά χειρός Δήτζου Ζωγράφου ἐκ τῆς ἐπαρχίας Δεβρῶν 1866, Ἰουλίου 19 (Од раката на Дичо Зограф од областа Дебар 1866 јули 19).

Во храмот постои уште една престолна икона, која иако не е сигнирана, претставува дело на Дичо, за што сведочи препознатливиот иконографски стил на овој зограф, како и позицијата на иконостасот, што ја прави дел од композицијата со претходно презентираните престолни икони. Станува збор за иконата „Собор на архангелите" со димензии 102 x 67 x 3 см. Во првата зона се насликани двајцата архангели, лево Михаил со војничка облека и подигнат меч и десно Гаврил со благородничка облека и скиптар. Централно меѓу нив ја држат славата со Христос, Кој е претставен на млада возраст и благословува со двете раце. Под кругот на славата на отворен сви-

[14] Во Ерминијата на Дичо пишува Афтониј, сп. С. Цветковски, *нав. дело*, 422-423; За ова чудо в. *Животот и чудата на Пресвета Богородица*, Охрид 2006, 55-56.

ток стои натписот: Στῶμεν καλῶς στῶμεν μετὰ φόβου. Δεῦτε προσκυνήσωμεν Τῷ Βασιλεῖ ἡμῶν Θεῷ (Да застанеме добро, да стоиме со страв! Придејте да му се поклониме на Царот, нашиот Бог). Во славата стои натписот: μεγάλης βουλῆς ἄγγελός (Ангел на великиот совет), а лево и десно од Христовиот ореол стои кратенката ΙΣ ΧΣ (Исус Христос). Во втората зона се насликани мноштво ангели. Во горниот дел од иконата стои натписот: Η ΣΥΝΑΞΙΣ ΤΩΝ ΑΡΧΑΓΓΕΛΩΝ (Собор на архангелите). Во композицијата преовладуваат зелената и црвената боја.

Со цел да се добие подобра слика за околностите, како и местото каде што се насликани овие икони, ќе го проследиме ангажманот на Дичо во 1865 и 1866 година. Во 1865 г. неговиот потпис најпрво го среќаваме на јужните и северните врати од олтарот на храмот „Свети Илија“ во с. Селце, на кои се насликани светите архангели Михаил и Гаврил.[15] Според записот што го оставил Дичо, овие врати се завршени на 5 март, а значајно е да се спомене дека претходната година Дичо во овој храм ја работел фреската „Успение Богородично“.[16] На 27 мај завршува со изработка на дверите, една олтарна врата и деизисот со апостолите во с. Бигор Доленци – Кичевско[17], а од истиот период датираат и нарачките на Јоан Хармосин за манастирот „Пречиста Кичевска“.[18] Следно споменување на Дичо во досега познатите дела е на 2 ноември, кога прави корекција на дверите во с. Елевци[19], а меѓу 4 и 16 декември истата година завршува со изработката на повеќе икони и распетие за црквата во Дебар.[20]

Имајќи ја предвид оваа хронологија во творештвото на Дичо и слободниот период меѓу 27 мај и 2 ноември, го прави многу веројатен престојот и творештвото на Дичо во Епаноми токму во овој период. Уште една потврда за тоа се и престолните икони на Христос и Богородица, од Епаноми, кои се сигнирани со 4 и 7 август 1865 г. Така, не е исклучена можноста Дичо да ги творел овие икони токму во Епаноми, каде што се наоѓал во овој период согласно со сведоштвото на Спиро Наку – внукот од неговиот брат. Според тоа, најверојатно и иконата „Богородица – Несвенлива роза“ од Трилофос, која датира од истата 1865 г., е насликана за време на престојот на Дичо во Епаноми.

---

[15] Сп. С. Цветковски, *Иконите на Дичо Зограф во црквите во Дебар и Мала Река*, Струга 2013, 42.

[16] Исто, 41.

[17] С. Цветковски, *Живописот на Дичо Зограф и Аврам Дичов,* 95.

[18] Ц. Грозданов, *нав. дело*, 49.

[19] С. Цветковски, *Иконите на Дичо Зограф во црквите во Дебар и Мала Река,* 43.

[20] Исто, 40.

Следејќи ги ангажманите на Дичо во наредната година од која датира третата откриена икона во Епаноми, најпрво го среќаваме во Охрид, каде што ги обновува иконите на иконостасот во Перивлепта.[21] Истата година работи и во црквата „Света Богородица" во Гари, каде што работи на фрескоживописот и распетието (12 февруари), а го доврпшува и поголемиот дел од празничните икони (на 6 март)[22], од кои еден дел ги слика уште во 1863 г. Следно го среќаваме на три икони во „Свети Илија" во с. Стенче, и тоа на иконите „Вознесение на свети Илија" (12 март), „Христос" (15 март), и „Свети Јован Крстител", која ја завршува во истиот ден со моштохранилницата за храмот „Свети Георгиј" во Лазарополе на 19 март.[23] На 15 јули ги завршува престолните икони на „Христос", „Богородица" и „Свети Илија" за храмот „Свети Илија" во Селце. Четири дена по овие икони, на 19 јули ја завршува иконата „Успение Богородично" за истоимениот храм во Епаноми. Големиот ангажман на Дичо Зограф во оваа година, како на голем број икони за храмовите во Западна Македонија, така и на фрескоживописот во истиот регион и тоа непосредно пред завршувањето на иконата „Успение Богородично", го прави речиси невозможен престојот на Дичо во Епаноми пред и за време на сликањето на оваа икона. Според тоа, оваа икона најверојатно е изработена во Западна Македонија, а подоцна е пренесена во Епаноми.

Новооткриените икони на Дичо Зограф од црквата во Епаноми, од кои три се точно датирани и претставуваат плод на најплодните години од творештвото на Дичо, придонесуваат да се воспостави појасна слика и уште посигурна хронологија на творештвото на овој благороден зограф во Солунско. Со нивното откривање се проширува „диеацезата" на творештвото на Дичо, а податокот за престојот на овој зограф и на неговите браќа во Епаноми, каде што останале да живеат потомци од ова семејство, отвора нова врата во сознанијата за зографот од Тресонче.

[21] С. Цветковски, *Живописот на Дичо Зограф и Аврам Дичов,* 18.
[22] С. Цветковски, *Иконите на Дичо Зограф од црквите во Дебар и Мала Река,* 38.
[23] Исто, 23.

***Viktor Nedeski***

# THE ICONS OF DIČO ZOGRAF IN THE CHURCH "DORMITION OF THE MOST HOLY THEOTOKOS" IN EPANOMI – THESSALONIKI

## Summary

Academician Grozdanov cites a certain tradition according to which Dičo Zograf was working in his youth in South Macedonia and Thessaloniki. Recently, in front of the Macedonian scientific public was presented firstly discovered and probably the most recognizable work of Dičo Zograf discovered in Thessaloniki – "Mother of God – Unfading Rose", painted in 1865. In addition to disclosing the work of Dičo in Thessaloniki hereby, we present four newly discovered iconostasis icons from the church „Dormition of Theotokos" in Epanomi. According to the information given by Spiro Naku, a resident of Epanomi, whose grandfather was Dičo's brother, the icon-painter, was in Epanomi in 1865 along with his brothers. This is the only known testimony about Dičo's brothers and their known descendant.

Two of the throne icons that are works of Dičo date from 1865. These are wooden movable icons of Christ Almighty and the Mother of God with Christ with silver revetment on the hands and aureoles. The icons are 98x65cm and are painted on a golden background. Christ is seated frontally, and is represented from his knees upward. He is dressed in red chiton and dark blue himation, decorated with golden borders. He gives blessing with his right hand with silver revetment, and in the left hand, he holds the sphere of the world under which there is an open gospel with a Greek inscription with an excerpt from the Gospel of John. Two small size angles are painted on the left and right side above the shoulders of Christ, dressed in chitons and himations, alternately in green and red. The angels hold open scrolls with Greek inscriptions. In the lower part of the icon there is the signature of the author on the Greek language.

On the other throne icon, the image of the Mother of God is also placed on a golden background. The Mother of God dressed in a dark blue chiton and a maphorion, which is red on the outside and on the inner side, is green. The maphorion is decorated with golden borders. The right hand of the Mother of God, which is with silver revetment, is placed on her chest, and with the left hand, he

holds the Christ Child. Christ blesses with his right hand, and in his left hand he holds an open gospel with a Greek inscription.

Two angles of small dimensions are represented on the left and right side behind the shoulders of the Mother of God. The angles hold scrolls with excerpts from the Virgin's akathist. In the lower part of the icon there is the signature of the author.

The next icon painted by Dičo for the church in Epanomi is the throne icon „The Dormition of Theotokos" painted in the following 1866, and completed on July 19. As for this throne icon, it has dimensions of 101x66x5cm. The icon is with silver revetment on the aureoles and on the body of the Mother of God. It is painted according to the description given by Dičo in his Hermeneia. The funeral of the Mother of God is placed centrally on the icon. She is surrounded by eleven apostles; the most important places are occupied by Peter and Paul, while Thomas is absent, as pointed out by the Hermeneia, and the church tradition. Christ in glory is painted behind the apostles, with the soul of his Mother in his hands. He is accompanied by two angels. Two hierarchs are painted next to the angels. In the bottom left corner of the icon there is the signature of the author.

In the church, there is another iconostasis icon, which although not signed, represents a work of Dičo, as evidenced by the recognizable iconographic style of this icon painter, as well as the position of the iconostasis, making it part of the composition with the previously presented throne icons. It is about the icon „Synaxis of the Archangels" with dimensions of 102x67x3cm. In the first zone, the two archangels are painted, Michael with military clothes and raised sword on the left-hand side and Gavril with noble clothes and sceptre on the right-hand side. Centrally between them, they hold the glory with Christ, Who is represented at a young age and blesses with both hands. In the second zone, a multitude of angels are painted. In the composition, the green and red prevail.

The newly discovered icons by Dičo Zograf from the church in Epanomi, three of which are thoroughly dated and represent the fruit of the most fruitful years of Dičo's work, contribute to the establishment of a clearer picture and even more reliable chronology of the work of this noble icon painter in Thessaloniki. With their discovery, the „diacetasis" of the work of Dičo is expanding, and the data about the stay of this icon painter and his brothers in Epanomi, where the descendants of this family remained to live, opens a new door in the knowledge about the icon painter from Tresonche.



Сл. 1. Христос, икона, црква „Успение на Богородица“, Епаноми, 1865 г., автор Дичо Зограф
Fig. 1. Christ, icon, Church of the Dormition of the Theotokos, Epanomi, 1865, author Dičo Zograf



Сл. 2. Богородица, икона, црква „Успение на Богородица“, Епаноми, 1865 г., автор Дичо Зограф
Fig. 2. Mother of God, icon, Church of the Dormition of the Theotokos, Epanomi, 1865, author Dičo Zograf




Сл. 3. Успение на Богородица, икона, црква „Успение на Богородица“, Епаноми, 1866 г., автор Дичо Зограф
Fig. 3. Dormition of the Theotokos, icon, Church of the Dormition of the Theotokos, Epanomi, author Dicho Zograf




Сл. 4. Собор на архангелите, икона, црква „Успение на Богородица“, Епаноми, автор Дичо Зограф
Fig. 4. Synaxis of the Archangels, icon, Church of the Dormition of the Theotokos, Epanomi, author Dičo Zograf

*Јазична редакција*
*Proofreading*
Софија Чолаковска-Поповска
Гордана Ацеска

*Дизајн*
*Design*
Методија Николовски

*Компјутерска реализација*
*Computer layout*
Зорица Велкова

*Корица*
*Cover design*
Филип Митров

*Јазична редакција на англиски текстови*
*Proofreading of the English texts*
Николче Мицковски

*Печатница*
Бомат графикс – Скопје

*Тираж*
*Copies*
300

*Скопје 2022*